SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# Полиси бриф документ

## Препораки и добри пракси за формирање на Локален младински совет

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

International Foundation for Electoral Systems

## Вовед:

Во овој документ се обработува проблемот со (не)функционирањето на локалните младински совети во Р.Македонија, што на некој начин предизвикува недоверба во ваквите тела од страна на младите и отсуство на иницијатива за креирање локални младински политики. Целта на овој документ е, пред се, да ги промовира позитивните страни на советите на млади како начин за учество во креирањето младински политики и да ја подигне свеста кај младите за влијанието што би го имале преку вклученоста во советите на млади.

Целта на нивното формирање е младите активно да се вклучат во јавниот живот на општините, преку предлагање иницијативи за прашањата што ги засегаат младите луѓе што живеат на подрачјето на самите општини. Потребна е итна акција за решавање на овој проблем и враќање на основната функција на овие младински совети, а тоа е тие да бидат мост помеѓу младите и институциите во вистинска смисла на зборот.

## Содржина:

**Вовед: ...... 1**

**Што претставува младинско учество, младински политики и Локален младински совет? ...... 3**

*Младинското учество ...... 3*

*Младинската политика ...... 3*

*Локалниот младински совет ...... 3*

**Придобивки за Општината за формирање Локален младински совет: ...... 5**

**Придобивки за младите за формирање на Локален младински совет: ...... 5**

**Статистички податоци за фактичката состојба на Локални младински совети во Р.С.М ... 6**

*Заклучоци и препораки од истражувањето: ...... 8*

**Проблеми , препораки и мерки за функционален Локален Младински Совет ...... 9**

*Проблеми ...... 9*

*Препораки и Мерки ...... 9*

Основање на Локални Младински Совети во секоја општина на територија на Република Северна Македонија ...... 10

Поголема видливост и достапност ...... 10

Промоција и ширење ...... 10

Отварање на канцеларии за млади ...... 10

Јакнење на капацитетите ...... 10

Подигање на култура за волонтирање и младински активизам ...... 10

Подршка до младите кои ќе се во советот ...... 10

**Користена литература: ...... 11**

## Што претставува младинско учество, младински политики и Локален младински совет?

**Младинското учество** подразбира непосредно учество на младите во прецизно дефинирани демократски процедури на национално, регионално и на локално ниво. Тоа е суштествено за креирање на младински политики што се одраз на потребите, правата и интересите на младите. Соодветното, младинското учество е гаранција за благосостојба на младите во дадено општество. Многу модели за учество се фокусираат на учеството на деца и млади. Во основа разликуваме генерички и специфични модели на младинско учество. Различните идејни модели помагаат да се потенцираат барањата поставени до демократските институции од граѓаните, поточно од младите, за нивно учество во политичките процеси. Во потесна смисла, политичкото учество на младите подразбира учество во политички партии или во избори и тоа во улога на оној што бира или е биран. Во поширока смисла се мисли на учество на младите во граѓански здруженија, неформални групи или иницијативи, како и во креирање на политики што ги засегаат и учество во креирање на јавното мислење преку социјалните медиуми.

**Младинската политика** е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите". На национално ниво, овие стратешки документи (закони, стратегии, акциони планови итн.) се носат од владата на една земја во соработка со младите луѓе и останатите важни чинители. Но покрај ова, постојат повеќе дефиниции кои ја дефинираат младинската политика и нејзините цели. Според Советот на Европа „Целта на младинската политика е да се создадат услови и можности за учење и искуства кои ќе им овозможат и обезбедат на младите луѓе да ги развијат нивните вештини, знаења и компетенции за да учествуваат во демократските текови и да се интегрираат во општеството".

**Локалниот младински совет** има советодавна и застапувачка улога во општините. Претставниците на Локалниот младински совет иницираат прашања за млади пред општините, учествуваат во процесот на изработка на локална младинска стратегија и акциски план за нејзино спроведување, предлагаат точки на дневен ред на советите на општините, вршат советодавни и застапувачки активности во интерес на младите кон општините.

## Локалниот младински совет ги врши следните работи:

- расправа на седници на ЛМС за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на Општината, а се од интерес за работата на младите;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на општината;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и ги промовира  активностите на Локалниот младински совет;
- врши и други работи од интерес за младите.

## Придобивки за Општината за формирање Локален младински совет:

Со воспоставувањето и вклучувањето на Локалниот младински совет, Општината покажува отвореност и спремност за учеството во креирањето на младинските политики. Локалниот младински совет преку својата советодавна улога ја запознава Општината со потребите, предизвиците и проблемите со кои младите се соочуваат во локалната заедница и дава препораки за нивното решавање. Локалниот младински совет може да и´ помогне на Општината да ги планира своите политики имајќи ги предвид интересите и потребите на младите луѓе, а со тоа и да ги подобри нивните можности и иднина во сопствената општина. Локалниот младински совет за една општина исто така значи и можност за креативност во нејзините пристапи. Најдобриот начин Општината да креира и спроведува добри политики за младите е да ги вклучи во нивното креирање, да ги праша за нивните потреби и препораки со цел нивното мислење да биде слушнато.

## Придобивки за младите за формирање на Локален младински совет:

Со формирањето на Локалниот младински совет во Општината младите добиваат гарантиран канал за комуникација со локалните власти. Преку ЛМС тие може на Општината да и´ ги понудат своите иновативни идеи и креативни предлози и да ја поттикнат истите да ги спроведе. Исто така, тие може да се консултираат меѓусебно, да им се даде можност да си го кажат својот глас, да изградат заеднички ставови и истите да ги застапуваат пред Општината. Оваа алатка за учество на младите им дава можност да бидат иницијатори и учесници во процесите на креирање политики за младите и да имаат директен придонес кон подобрување на сопствениот живот во средината каде што живеат.

## Статистички податоци за фактичката состојба на Локални младински совети во Република Северна Македонија

Во 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики, кој е прва законска гаранција за учество на младите во донесувањето одлуки. Со овој Закон, меѓу другото, се оформени механизми со кои младите ќе можат директно да земат учество во креирање политики и донесување одлуки на национално и локално ниво, и тоа преку воспоставување на локални младински совети во сите општини. Покрај тоа, воведена е улогата на младински службеник, кој задолжително треба да биде вработен во секоја јавна институција. Понатаму, Законот предвидува и креирање на локални стратегии за млади чие спроведување е одговорност на општината. Целта на овие стратешки документи е да се мапираат приоритетите на младите на локално ниво и да се планира процесот за нивното остварување. Годишно, општините треба да издвојат најмалку 0,1 % од средствата од буџетот за млади и младински приоритети.

На локално ниво, се забележуваат форми на младинско организирање, како и стратешки документи за млади кај некои општини, но не постои унифициран пристап кој се практикува секаде.

Постојат локални младински совети во неколку градови во Македонија, иако нема јавно достапен преглед на општини кои имаат вакви совети. Сепак, иако има позитивни примери, постојат разлики во начините на формирање, составот, функционирање и степен на претставништво меѓу различните совети.

Локалните младински совети претставуваат добра пракса за младинско учество на локално ниво и тие би требало да претставуваат еден вид на децентрализација на младинските потреби.

Иако се поминати 2 години од донесувањето на овој Закон, неговата имплементација е сè уште на почетоците. Според скорешниот мониторинг извештај за имплементацијата на Законот, изработен од Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), само 10 општини, односно 12 % од сите општини имаат формирано младински локален совет. Се работи за општините Валандово, Делчево, Кисела Вода, Кратово, Могила, Новаци, Охрид, Пласница, Свети Николе и Струмица. Во однос на локалната стратегија за млади, според податоците од извештајот, само во 11 општини, односно во 14 % од општините е усвоен таков документ, при што само во 7 општини младите биле консултирани при изготвување на стратегијата. Се работи за општините Струмица, Боговиње, Велес, Гостивар, Илинден, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Лозово и Чаир.

## Статистички податоци од истражување на јавното мислење на младите за формирање на Локален младински совет во Општина Струмица

Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамки на проектот за мобилизација на заедницата, иновативни иницијативи кои се дел од проектот “Поддршка за изборни реформи во Северна Македонија”, спроведе истражување на јавното мислење на младите од Општина Струмица за формирање на Локален младински совет на територијата на Општината.

Истражувањето беше спроведено на млади од 15-29 години, имајќи предвид дека во овој случај станува збор за конкретна таргет група. Прашалникот содржеше вкупно 16 прашања, од кои имаше соoдноc на отворени, полуотворени и затворени прашања. Анкетата се спроведе на македонски јазик, анонимно, во текот месец декември 2022 г., преку поставување на истата во електронска верзија на онлајн платформите (фејсбук и инстаграм), веб страната на ЦИА НОВУС, и по мејл со цел постигнување на што поголем одѕив кај младите.

Анкетата е спроведена на вкупно 182 испитаници, таргетирани конституенти кои се сметаат за млади според Законот за младинско учество и младински политики односно на возраст од 15 – 29 години.

Генерален заклучок од анкетното истражување е дека младите од Општина Струмица, дури 68,1% изрично одговориле дека, младите имаат потреба за нивно претставничко тело кое ќе ги застапува интересите и потребите на младите кои живеат во општината.

Како надоврзување на претходното прашање, на испитаниците им беа поставени прашањата „Дали сметате дека младите од о.Струмица се доволно вклучени во процесот на донесување на одлуки?“ и прашањето „Дали некогаш лично сте биле вклучени во процес на донесување на одлука?“, од кои прашања добивме индикации дека поголемиот процент на млади, дури 58,2% и 53,3% од истите се изјасниле негативно по оваа прашање, што ја дава индикацијата и ја потврдува хипотезата на истражувањето дека младите воопшто не се запознаени со процесите на носење одлуки на локално ниво, ниту пак некогаш биле вклучени во такви.

Одовде би сакале да се осврнеме и на целта која ја има истражувањето и иницијативата “Општина по мерка на младите“, дека младите треба да бидат движечка сила на заедницата и да бидат мотивирани да се активно вклучени во процесите на носење одлуки. Одовде можеме исто така да го изнесеме заклучокот дека младите исто така не ги следат

доволно предизборните но и тековните активности и програми на политичарите, особено активности и политики кои ги засегаат нив лично.

Во однос на перцепцијата на пречки за функционирање и формирање на Локален Младински Совет во Општина Струмица, на прашање со повеќе опции за избор, за најголема пречка е перцепирана не заинтересираноста од страна на младите со вкупно 102 одговори, на кои следат не заинтересираноста од страна на властите со 93 одговори, партизацијата со 91 одговор, а како најмала пречка се увидени буџетските средства кои општината ги нуди за формирање и функционирање на Локалниот младински совет.

## Заклучоци и препораки од истражувањето:

- Иако во последниот период перцепцијата на младите кои живеат во Општина Струмица во однос на климата и можностите за вклучување на младите во процесите на носење одлуки е подобрена до некој степен, сепак како генерален заклучок но и препорака е дека институциите и властите треба да работат поинтензивно на вклучување на младите во процесите на носење одлуки.
- Познавањето на Законот за младинско учество и младински политики помеѓу младите, но и функцијата која советот треба да ја има, претставува предмет на понатамошно постапување и промовирање од страна на сите засегнати страни кои би можеле да бидат вклучени во неговата имплементација. Исто така по ова прашање потребно е да се изврши поголема промоција од страна на телата кои се задолжени за имплементација.
- Потребно е изнаоѓање механизми за подобро информирање на младите кои живеат во Општина Струмица за можностите за нивно вклучување во процесите на носење одлуки, можности кои се достапни за младите но и активни политики за млади кои ги спроведува општината.
- Младите имаат потреба од обуки или тренинзи за застапување и креирање на политики од нивен интерес.

# Проблеми , препораки и мерки за функционален Локален Младински Совет

## Проблеми

Незаинтересираноста е клучен проблем од кој треба да се почне да се работи, но уште поголем проблем од тоа е самата неинформираност. Затоа што младите не се незаинтересирани туку 90% од времето тие не се ни информирани за можностите кои постојат. А докулку се информирани за можностите не се доволно за процесот како тоа се одвива и имаат формирано погрешна слика за работата на невладините организации а потоа и за работата на институциите.

Во однос на вториот проблем со кој се соочуваме е недостигот на обучен кадар што ќе работи професионално со младите на нивно професионално надоградување.

## Препораки и Мерки

Овие младински совети, впрочем, се советодавни работни тела на советите на општините, а целта на нивното формирање е младите активно да се вклучат во јавниот живот на општините, преку предлагање иницијативи за прашањата што ги засегаат младите луѓе што живеат на подрачјето на тие општини.

Промоцијата на позитивните страни на советите на млади како начин за учество во креирањето младински политики и подигнувањето на свеста кај младите за влијанието што би го имале преку вклученоста во советите на млади е клучното прашање со коешто би требало да се занимаваат и граѓанските организации, но и локалните власти, бидејќи користа од младите како човечки ресурс ќе биде обострана.

На младите им е потребна поддршка и можности да ги искажат своите ставови и идеи, а локалниот младински совет може да им ја пружи таа можност на младите и да ја влијае врз локалната самоуправа во насока на креирање на подобри и сеопфатни младински политики.

**Со цел да се подобри ситуацијата издвојуваме неколку препораки и насоки за идно делување, кое ќе резултира со позитивно дејствуваање врз положбата на младите и врз општеството во целина.**

### Основање на Локални Младински Совети во секоја општина на територија на Република Северна Македонија

-Основање на локални младински совети е клучен механизам за остварување на формално влијание во процесите на одлучување на локално ниво и воедно да се зголеми моќта на младите во нивните непосредни заедници.

## Поголема видливост и достапност

-На интернет страниците на општините потребно е да се креира посебен дел за млади каде што тие би можеле да ги следат објавените конкурси, да ги споделуваат проблемите, ,да даваат предлози и сл.

### Промоција и ширење

- Од голема важност е промоцијата и ширење на информацијата да стигне до поголема маса на млади луѓе кои ќе можат да се вклучат. Мора да има онлајн присуство кое ќе се користи за консултаци, контактирање, споделување на информации.

### Отварање на канцеларии за млади

-Овие канцеларии за млади ќе бидат матични клетки на советите на млади. Преку нив ќе се зголеми видливоста и достапноста на советите, а канцелариите ќе претставуваат бази на податоци што младите ќе можат да ги користат за да го подобрат својот живот.

### Јакнење на капацитетите

-Да се обезбеди јакнење на капацитетите на службениците за млади во органите на државната управа и општините во насока на навремена, квалитетна и релевантна испорака на предвитени активности.

### Подигање на култура за волонтирање и младински активизам

-Една од добрите пракси кое може да се користи за градење на култура за волонтирање и младински активизам е peer to peer едукација или таканаречена врсничка едукација.

### Подршка до младите кои ќе се во советот

**-**Подршка од искусни повозрасни лица кои ќе им помагаат во процесот на водење, креирање на младите кои ќе се во советот.

## Користена литература:

https://mof.mk/wp-content/uploads/2022/09/Dokument-za-javni-politiki-mladinsko-uchestvo-vo-edinitsite-na-lokalnata-samouprava.pdf

http://scout.org.mk/sim/wp-content/uploads/2014/12/Mladinsko-organiziranje-vo-Makedonija_NMSM.pdf

https://www.sega.org.mk/images/pdf/Komparativna_procenka_modeli_na_mladinsko_ucestvo.pdf

https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/491135.pdf

**Овој Полиси бриф документ е изработен во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи” на Владата на Швајцарија, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Искажаните ставови, мислења и содржини во овој Полиси бриф документ не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот. #CHinMK**